| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Лет, лет Буба Маро |
| **Содржина на денот** | Вредни раце |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Валентина Буш-Бошњакоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на хигиенски навики за безбедност за нашето здравје. Стекнување рутина за правилно миење на рацете после секоја активност на соодветна песна. |
| **Активности** | Со детето излезете на кратка прошетка во блискиот парк. При прошетката со детето насочете го неговото внимание кон промените во природата кои настанале во годишното време пролет...(тревата почнува да зазеленува, пролеттните цвеќиња цветаат, птиците преселници се вратиле од југ, инсектите се разбудиле, на дрвјата почнале да зеленеат листовите и се појавиле првите цветови на нив). Поголем акцент ставете на инсектите –на Буба Марата (како изгледа, кои бои се застапени на нејзиното тело).<br>Кога ќе дојдете дома измијте ги рацете и земете лист од блок или бел компјутерски лист и заједно со детето нацртајте контура на Буба Мара, ако Ви е полесно можете и да ја испечатите (во прилог слики како идеја како може покреативно да ја нацртате, а крлијата да бидат во форма на дланките на Вашето дете).<br>Во посебни тањирчиња растворете црвена и црна темперна. Најнапред обојте ја основата заједно си Вашето дете во црвена боја и почекајте некое време да се исуши. Најнапред покажете му на детето слика од Буба Мара и објаснете му ја целта- самото со прст да ги испечати црните точки (оставете го детето самостојно да печати и поддржете го во оваа активност). По користење на секоја боја дајте му влажно марамче со кое самото ќе си го избрише рацете.<br>По завршување на печатењето заеднички со детето измијте го приборот со кој сте работеле и рацете. Исушете ја детската ликовна творба, истакнете ја на видно место и пофалете го. |